Јавно претпријатие за комунални дејности
„БРЕГАЛНИЦА" в.о.
Бр. 0103-49
29.02.2012 год.
ДЕЛЧЕВО

# ИЗВЕШТАЈ
## За работата на ЈПКД"Брегалница"-Делчево
## за 2011 година

**-Основни податоци**

Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница" е основано со Одлука бр.01-4476/1 од 10.11.1966 година, донесена од Собрание на Општина Делчево.

Надлежниот суд во Штип на 29.01.2002 година донесе Решение бр.Птрег. 67/2 со кое врши запишување во трговскиот регистар под наслов ЈПКД"Брегалница"-Делчево.

Статутот на ЈПКД"Брегалница"-Делчево е донесен од страна на Управниот одбор на претпријатието а на седницата на Советот на Општина Делчево е дадена согласност на истиот со Одлука бр.07-1799 од 29.12.2005 година.

**-Дејност**

Јавното претпријатие "Брегалница" врши дејности согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за гробишта и погребални услуги и Законот за јавна чистота.

Основната дејност -претежната дејност на претпријатието е:

-Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;

Покрај основната дејност претпријатието ги врши и следните дејности:

-Одведување на отпадни води(канализација);

-Одстранување на комунален и индустриски отпад;

-Одржување на јавна чистота;

-Уредување и одржување на паркови и зеленило;

-Управување со градски гробишта и погребални услуги;

-Одржување на градски пазар, под што се подразбира одржување на објекти, направени тезги за давање на услуги за трговија.

**-Организациона поставеност**

За што поуспешно извршување на овие дејности а во согласност со Правилникот за внатрешна организација, работењето на претпријатието е организирано во следните работни единици:

-Одделение за Општи, правни и финансиски работи;

-Група за Водовод, канализација, дистрибуција и одржување на водоводната и канализационата мрежа;

-Група за Комунална хигиена, одржување на Градска депонија и механизација;

-Група за Градежно-оперативни работи и управување со Градски православни гробишта;

-Група за Одржување и уредување на јавни и зелени површини и речни корита;

**-Органи на управување**

-

Органи на управување во Јавното претпријатие се:
-Управен одбор;
-Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење;
-Директор на Јавното претпријатие.

**-Број на вработени:**

Бројот на вработени во ЈПКД"Брегалница"-Делчево со состојба на 31 Декември 2011 година изнесува 77 вработени во редовен работен однос и 11 работници ангажирани преку Агенција за привремени вработувања а просечниот број на вработени во извештајниот период изнесува 78 лица.

**-Реализирани активности по Работни единици во 2011 гогина**

## ВОДОВОД, КАНАЛИЗАЦИЈА, ДИСТРИБУЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНАТА И КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА

Во 2011 година до домаќинствата и правните лица, како корисници на нашите услуги , фактурирани се вкупно 584.000 м3 вода, Главни носители на потрошувачката се домакинствата со 526.000 м3 или 90% а до правни лица дистрибуирани се 58.600 м3 или 10%.

Работната единица Водовод и канализација ги има извршено следните редовни - тековни работни активности:

- Отклонети се вкупно 41 дефекти на главни водоводни линии во градот Делчево и селските населби на следните профили: ф160=4, ф110=15, ф90=12, ф63=10;
- Одговорено е на повици од граѓани и отклонети се вкупно 170 дефекти на приватни приклучоци на вода (пред водомер и во водомерните шахти);
- Извршена е замена на неисправни водомери- 420 броја;

Покрај редовните и тековни активности во 2011 година се реализирани следниве позабележетилни активности:

-Реконструкција на главна водоводна линија на ул. "Питу Гули" со замена на старите азбестни цевки со ПЕ цевки ф 63 и ф 40 во должина од 110м1 и изработка на приклучни шахти бр. 4

-Реконструкција на главна водоводна линија во населба Ново Делчево на улица Скопска и улица 19 Октомври со замена на стари азбестни цевки со ПЕ цевки ф 80 ј ф 63 во вкупна должина од 540 м1 со изработка на 17 водомерни и приклучни шахти;

-Изградба на водоводна линија ф 80 на улица Сервисна во Индустриска зона во должина од 100 м1;

-Реконструкција на водовод во с. Стамер со поставување на нови водомери за далечинско читање со изградба на нови 44 типизирани водомерни шахти поставени надвор од дворовите;

-Поврзување на систем капка по капка во жардинерии на Бул.Македонија и градски парк пред АСНОМ во должина од 2500м1;

-Поврзување на фонтани и чешми на детско игралиште во Милково брдо и Детско игралиште зад стар пожарен дом;

-Изградба на фекална канализација ф 200 во населба Басарица со сите придружни објекти во должина од 250 м1;

-Изградба на фекална канализација ф200 и ф160 во ендек меѓу Први и Втори реон во вкупна должина од 140 м1 со сите подземни објекти;

-Изградба на атмосферска канализација на улица Даме Груев и Вера Јоциќ ф 200 во должина од 60 м1 и изработка на решетка на улица Даме Груев;

-Изградба на фекална канализација ф200 и ф250 во Спортско рекреативен центар во должина од 300м1 со сите подземни објекти;

-Изградба на главен колектор за фекални отпадни води ф 300 од с.Габрово до Делчево со сите придружни објекти во должина од 1600 м1;

-Извршена е дислокација на постојната и поставување на нова канализациона мрежа во с.Разловци ф200 во должина од 30м1;

-Поставени се 6 решетки за атмосферска вода на улица Кеј на Ослободувањето со приклучоци на канализационата мрежа;

-Извршена е санација на вкупно 48 разбиени и пропаднати капаци на ревизиони шахти;

-Извешено е машинско чистење со цистерна на фекалната канализациона мрежа во нискиот дел на градот : (М.Тито. М.М.Брицо, Кеј на Брегалница, Малешевска, Царевоселска, Кеј на Ослободување, Пијанечка,, Вера Јоциќ);

## КОМУНАЛНА ХИГИЕНА,ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКА ДЕПОНИЈА И МЕХАНИЗАЦИЈА

За што поуспешно извршување на работните задачи од делокругот на комуналната хигиена изготвен е Распоред за собирање и транспортирање на комунален отпад по денови и улици во градот Делчево и селата Габрово, Звегор и Тработивиште како и за училиштата во с.Стамер и с.Вирче.

Комуналниот отпад се собира со три специјални возила за собирање на отпад и еден трактор за местата и улиците во кои нема пристап за специјалните возила.

- Во извештајниот период (во 2011 година) извршено е собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од домаќинствата во количина од 8.840 тони или 170 тони ~~месечно~~;неделно

- Од правни лица кои имаат склучено договори за депонирање на индустриски отпад депониран е индустриски отпад во извештајниот период од вкупно 416 тони или по 8 тони индустриски отпад неделно;

- Покрај редовното собирање на отпад се врши и повремено-по повик собирање и депонирање и на отпадот од Караула Звегор, Баткова чешма, на планината Голак кај бината и на спортските терени а оисобено за време на Фолклорните Голачки средби;

- Во есенските месеци Октомври и Ноември извршено е собирање на сезонски растителен отпад од двортните места во градот Делчево и населба Звегорска река со три камиони и еден трактор;

- Извршено е чистење на неколку мали диви депонии на разни локалитети во градот Делчево и приградските населби;

- На неколку наврати е извршено е целосно чистење на градска депонија Острец со Булдожер ТГ-75 заради добивање на чиста површина за депонирање на нов отпад и извршено е опеспчување на истата со околу 200м3 песок и шлунак;
- Извршено е обновување на уништената ограда на депонијата и поставување на нова ограда од универзално плетиво во должина од 120м´ и поставување на нови 60 столбови за ограда;

## ГРАДЕЖНО ОПЕРАТИВНИ РАБОТИ

Групата ангажирана за градежно оперативни работи во текот на 2011 година ги има извршено следните работи:

-Изработка на тротоар од бехатон пло:ки во с.Тработивиште;
-Изработка на калдрма од кршен камен во црковен двор и детски лулашки во с.Вирче;
-Изработка на жардинерии од речен камен на Бул.Македонија (од стара зграда на МВР до семафори);
-Изработка на потпорен зид од речен камен во училиштето во с.Звегор;
-Регулација на Звегорска река во с.Звегор;
-Изработка на потпорен зид, мини парк и пешачка улица во населба Стар расадник;
-Изградба на детско игралиште и парк во населба Милково брдо на ул Григор Прличев;
-Зградба на пешачки улици од бехатон во нас. Милково брдо;
-Изработка на стази од бехатон, паркинг и летниковец во двор на ООУ "Св.Климент Охридски";
-Изградба на полигон за полагање возачки испит со рампа за запирање и тргнување на возила кај градски стадион;
-Извршена е реконструкција на Градски парк пред Летната сцена;
-Изградба на Детско игралиште зад стар пожарен дом;
-Изградба на крстилница во нова црква;
-Изградба на пешачки мост кај станбена зграда на ул. "М.Тито";
-Санација на мост во населба Стар монопол;
-Регулација на атмосферска вода во с.Стамер со камени јастуци(габиони);
-Изградба на мини плоштад со чешма во с.Стамер;

## ОДРЖУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ, ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И РЕЧНИ КОРИТА

Групата за одржување на јавни зелени површини во извештајниот период во рамките на редовното одржување и чистење на јавните зелени површини и на улиците и тротоарите ги има извршено следните работни активности:

- Окопување на жардинерии и отстранување на стари засушени гранки;
- Одстранување на изникната трева покрај ивичнаците на Бул.Македонија на потегот од АД Фротирка па се до Шумско стопанство "Голак", улица "Индустриска" и улица "Кеј на Ослободување";
- Косење и собирање на тревата по косините на двете страни на коритото на река Брегалница (од Грдаски стадион до сточно пазариште) и река Габровчица;

- Окопување на дрвца, тртендафили и грмушки во паркот пред Спомен дом АСНОМ, жардинерии и разделна лента на Бул.Македонија

- Наводнување на дрвца и зеленило на кејот на река Брегалница и жардинерии на ул."Маршал Тито" и "М.М.Брицо"

- Секојдневно метење на улиците и тротоарите по изготвен распоред по денови и секојдневно собирање на отпадоци и празнење на корпите за отпадоци поставени на јавни површини;

- Миење на улиците со цистерна два пати во неделата во летниот период (мај-септември);

- Пополнување и порамнување на коритото на жардинериите на Бул. Македонија со земја (250м3) и во градски парк АСНОМ (150м3);

- Ѓубрење на жардинерии на Бул.Македонија и М.М.Брицо со хумус од калифорниски црви;

- Поставување на систем за наводнување капка по капка во жрдинериите на Бул.Македонија (од семафори до бензинска пумпа) и во Градскиот парк;

- Засадени се 3000 броја сезонско цвеќе во жардинерии на Бул.Македонија, М.М.Брицо и стаза во градски парк АСНОМ како и на детски игралишта во Милково Брдо, Стар расадник и зад стар пожарен дом на површина од 12.840 м2;

- Засеани се вкупно 12.050 м2 површина со парковска трева на Бул. Македонија и детски игралишта во Милково брдо. Стар расадник и зад стар пожарен дом;

- Засадени се 330 декоративни садници на следните локалитети : двор на црква во с.Вирче, во с.Стамер, Детско игралиште зад Стар пожарен дом и пред Спомен дом АСНОМ;

## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2011 ГОДИНА

Вршејќи ги своите основниo и споредни дејности искажани по Извештајот за работи по реаботни единици ЈПКД "Брегалница"-Делчево остварува определени трошоци и приходи од работењето.

Согласно Законот за трговските друштва и Меѓународниот сметководствен стандард 1 - Презентирање на финансиски извештаи, дефинирано е дека составни делови на финансиските извештаи во себе вклучуваат:

-Биланс на успех;

-Биланс на состојба;

### БИЛАНС НА УСПЕХ
### (ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА)

за периодот од 01/01/2011-31/12/2011

(во денари)

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Број на белешка | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Тековна година | Претходна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | **1. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)** | 201 | | 46455322 | 43625419 |
| 2. | Приходи од продажба | 202 | | 42211723 | 41175362 |
| 3. | Останати приходи | 203 | | 2635282 | 1468589 |
| 4. | Промена на вредноста на залихи на готови производи и на недовршено производство | | | | |
| 4.а. | Залихи на готови производи и на недовршено производство на почетокот на годината | 204 | | | |
| 4.б. | Залихи на готовите производи и на недовршено производство на крајот на годината | 205 | | | |
| 5. | Капитализирано сопствено производство и услуги | 206 | | 1608317 | 981468 |
| 6. | **2. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)** | 207 | | 45542549 | 42236235 |
| 7. | Трошоци за суровини и други материјали | 208 | | 11537067 | 10324925 |
| 8. | Набавна вредност на продадени стоки | 209 | | | |
| 9. | Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 210 | | 697324 | 209403 |
| 10. | Услуги со карактер на материјални трошоци | 211 | | 5606359 | 5627233 |
| 11. | Останати трошоци од работењето | 212 | | 3842372 | 4385364 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Трошоци за вработени (214+215+216+217) | 213 | | 20176982 | 19279075 |
| 12.а. | Плати и надоместоци на плата (нето) | 214 | | 13879964 | 13172415 |
| 12.б. | Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 215 | | 794542 | 790225 |
| 12.в. | Придонеси од задолжително социјално осигурување | 216 | | 5452953 | 5218689 |
| 12.г | Останати трошоци за вработените | 217 | | 49523 | 97746 |
| 13. | Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 218 | | 2240676 | 2179856 |
| 14. | Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства | 219 | | 43158 | 25175 |
| 15. | Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | 220 | | | |
| 16. | Резервирања за трошоци и ризици | 221 | | 33480 | |
| 17. | Останати расходи од работењето | 222 | | 1365131 | 205204 |
| 18. | **3. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)** | 223 | | 5533 | 17532 |
| 19. | Финансиски приходи од односи со поврзани друштва(225+226+227+228) | 224 | | | |
| 19.а. | Приходи од вложувања во поврзани друштва | 225 | | | |
| 19.б. | Приходи по основ на камати од работење со поврзани друштва | 226 | | | |
| 19.в. | Приходи по основ на курсни разлики од работење со поврзани друштва | 227 | | | |
| 19.г. | Останати финансиски приходи од работење со поврзани друштва | 228 | | | |
| 20. | Приходи од вложувања во неповрзани друштва | 229 | | | |
| 21. | Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 230 | | 5533 | 17532 |
| 22. | Приходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 231 | | | |
| 23. | Нереализирани добивки (приходи) од финансиски средства | 232 | | | |
| 24. | Останати финансиски приходи | 233 | | | |
| 25. | **4.. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)** | 234 | | 509382 | 4257 |
| 26. | Финансиски расходи од односи со поврзани друштва (236+237+238) | 235 | | 100299 | 4257 |
| 26.а. | Расходи по основ на камати од работење со поврзани друштва | 236 | | 100299 | 3119 |
| 26.б. | Расходи по основ на курсни разлики од работење со поврзани друштва | 237 | | | 1138 |
| 26.в. | Останати финансиски расходи од поврзани друштва | 238 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 27. | Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 239 | | 409083 | |
| 28. | Расходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 240 | | | |
| 29. | Нереализирани загуби (расходи) од финансиски средства | 241 | | | |
| 30. | Вредносно усогласување на финансиски средства и вложувања | 242 | | | |
| 31. | Останати финансиски расходи | 243 | | | |
| 32. | Удел во добивката на придружените друштва | 244 | | | |
| 33. | Удел во загубата на придружените друштва | 245 | | | |
| 34. | Добивка од редовното работење (201+ 223+244) Ђ (204-205+207+234+245) | 246 | | 408924 | 1402459 |
| 35. | Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245) Ђ (201+ 223+244) | 247 | | | |
| 36. | Нето добивка од прекинати работења | 248 | | | |
| 37. | Нето загуба од прекинати работења | 249 | | | |
| 38. | Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249) | 250 | | 408924 | 1402459 |
| 39. | Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248) | 251 | | | |
| 40. | Данок на добивка | 252 | | 64707 | 33435 |
| 41. | Одложени даночни приходи | 253 | | | |
| 42. | Одложени даночни расходи | 254 | | | |
| 43. | НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254) | 255 | | 344217 | 1369024 |
| 44. | НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254) | 256 | | | |
| 45. | Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ) | 257 | | 77 | 87 |
| 46. | Број на месеци на работење (во апсолутен износ) | 258 | | 12 | 12 |
| | | | | | |
| 47. | ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОДОТ | 259 | | | |
| 47.а. | Добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво | 260 | | | |
| 47.б. | Добивка која припаѓа на неконтролираното учество | 261 | | | |
| 47.в. | Загуба која се однесува на имателите на акции на матичното друштво | 262 | | | |
| 47.г. | Загуба која се однесува на неконтролираното учество | 263 | | | |
| 48. | ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА | 264 | | | |
| 48.а. | Вкупна основна заработувачка по акција | 265 | | | |
| 48.б. | Вкупна разводнета заработувачка по акција | 266 | | | |
| 48.в. | Основна заработувачка по акција од прекинато работење | 267 | | | |
| 48.г. | Разводнета заработувачка по акција од прекинато работење | 268 | | | |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
## (ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА)

| **ПОЗИЦИЈА** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|
| **АКТИВА** | **73810516** | **66985687** |
| **А. Нетековни средства** | 35688713 | 33176885 |
| -Нематеријални с-ва | | |
| -Материјални с-ва | 35266121 | 32711134 |
| -Влозување во недвизнини | | |
| -Долгорочни финансиски средства | 422592 | 465751 |
| -Долгорочни побарувања | | |
| -Одлозени даночни с-ва | | |
| **Б.Тековни с-ва** | **37745811** | **33808802** |
| -Залихи | 3857515 | 1666709 |
| -С-ва наменети за продажба | | |
| -Краткорочни побарувања | 33176893 | 29626089 |
| -Краткорочни финансиски с-ва | | |
| -Парични с-ва | 711403 | 2516004 |
| **-Платени трошоци за идните периоди** | **375992** | |
| **ПАСИВА** | | |
| **А.Главнина и резерви** | **41606243** | **41262027** |
| -Основна главнина | 56490803 | 56490803 |
| -Премии на емитирани акции | | |
| -Сопствени акции | | |
| -Запишан неуплате капитал | | |
| -Ревалоризациона резерва | | |
| -Резерви | 99478 | 99478 |
| -Акумулирана добивка | 1391822 | 22799 |
| -Пренесена загуба | -16720077 | -16720077 |
| -Добивка за деловната година | 344217 | 1369024 |
| -Загуба за деловната година | | |
| -Главнина на сопствениците на матичното д. | | |
| -Неконтролирано учество | | |
| **Б.Обврски** | **20273274** | **12782848** |
| -Долгорочи резервирања за ризици и трошоци | | |
| -Долгорочни обврски | 1176431 | 909672 |
| | | |
| -Одлозени даночни обвски | | |
| -краткорочни обврски | 19096843 | 11873176 |
| -одлозено плакање на трошоците (пвр) | **11930999** | **12940812** |
| Обврски по основ на нетековни с-ва | | |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **73810516** | **66985687** |

**ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2011 ГОД.**

| Р.Бр | ПОЗИЦИЈА | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| 1 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 46460855 | 43642951 |
| 2 | ВКУПНО РАСХОДИ | 46051931 | 42240492 |

Вкупните приходи од 46.460.855 ден. ги надминуваат вкупните расходи за 408.924 денари колку што е добивката од редовното работење пред оданочување.По оданочувањето на добивката со 64.707 денари, нето добивката на претпријатието за деловната 2011 година изнесува **344.217 денари**.

29.02.2012 год.
Делчево

ЈПКД"Брегалница´-Делчево
Д и р е к т о р
Николчо Николовски